ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
ул„7-ми Септември" бр.4 Македонски Брод тел.045/274-810
e-mail:mak_brod@yahoo.com www.mbrod.gov.mk

Бр. 15 – 58/7 од 04.02.2020 година

**До**

**Предмет: Достава на информации**

Почитувани,

Согласно Вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, кои се однесуваат на правата и услугите кои ги користат странците со регулиран престој во земјата, а престојуваат на територијата на нашата општина,Ви ги доставуваме следните информации:

- Во периодот од 2015 – 2019 година, шестмина странци пријавиле сопственост на недвижен имот и се регистрирани како даночни обврзници во регистарот на општината;
- Во Општина Македонски Брод нема евидентирани странци кои имаат пријавено недвижен или подвижен имот и нема регистрирани даночни обврзници по тој основ, во периодот од 2015 – 2019год.
- Со право на сосопственост и регистрирани како даночни обврзници во регистарот на општината во периодот од 2015 – 2019год. има шестмина;
- Во општината нема евидентирани странци кои се плодоуживатели , односно нема странци кои стекнале некое право врз основа на правно дело и со одржувачка во периодот од 2015 – 2019год.;
- Во периодот од 2015 до 2019 година, во Општина Македонски Брод нема странци кои имаат склучено договор за закуп на недвижен имот;
- Од 2015 – 2019 година, нема странци во општината кои пријавиле даноци, такси или други надоместоци;
- Во Општина Македонски Брод во периодот од 2015 – 2019год., нема запишани странци во основно и во средно училиште;
- Во Општина Македонски Брод во периодот од 2015 – 2019год., нема пријавени странци со регулиран привремен и постојан престој во републикава, кои членуваат во спортски клубови ;
- Во периодот од 2015 до 2019 година, во Општина Македонски Брод евидентирани се 170 странци со регулиран привремен и постојан престој во републикава, кои учествувале во културни активности во општината.

- Во Општина Македонски Брод во периодот од 2015 – 2019год., евидентирани се 18 странци кои склучиле брак во општината;
- Во периодот од 2015 до 2019 година, во Општина Македонски Брод, евидентирани се 187 странци кои користеле здравствени услуги;
- Во периодот од 2015 до 2019 година, во Општина Македонски Брод, нема странци кои користеле социјални услуги и кои се стекнале со социјални права;
- Во општината нема евидентирани странци кои користеле субвенции од општината;
- Во општината евидентирани се шестмина странци кои користеле локални услуги, односно даночни услуги.

Службено лице,
Милка Стаменкоска

ГРАДОНАЧАЛНИК,
ЖИВКО СИЛЈАНОСКИ дипл.шум.инж.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД